**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.150/07, 100/11 и 42/20) објавува:

# О Г Л А С
## за избор на

I

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.

II

Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
Четиринаесет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Струмица
Четворица јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип

III

Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 61 и член 62 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник на РСМ бр.42/20), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

1. За основен јавен обвинител на основното јавно обвинителство, може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку шест години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е со позитивна оценка во последните две години.

2. За јавен обвинител во основното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има завршено обука утврдена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

3. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција може да биде избрано лице кои има непрекинат работен стаж од најмалку четири години како јавен обвинител до моментот на пријавувањето за именување и кое е оценет со позитивна оцена во последните две години.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена копија кај нотар, и тоа: уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение за неодземена деловна способност (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж (за кандидатите кои се јавуваат на оглас за избор на јавен обвинител под став I и III од Огласот), диплома или уверение за завршени правни студии со стекнати 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство за стекнати 300 кредити, уверение за положен правосуден испит, уверение за завршена Академија за судии и јавни обвинители (за кандидатите кои се јавуваат за избор на јавен обвинител под став II од Огласот), истите да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на бул. Крсте Петков Мисирков бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-29/1
Скопје, 06.02.2025 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Душица Димитриеска**